Апстракт на работилница за докторски студии за месец декември 2019

**Когнитивно-бихејвиоралните психотерапии во третманот на постраумaтското стресно растројство**

**Проф. д-р Ленче Милошева**, Факултет за медицински науки- Докторски студии, Невронауки, Универзитет„ Гоце Делчев“, Штип

Работилницата е од областа на когнитивните невронауки и когнитивно бихејвиоралните психотерапии, наменета за докторантите на Невронауки кои се заинтересирани за научни истражувања од овие области. Добредојдени се и докторантите од другите студиски програми на Факултетот за медицински науки.

Основната цел е запознавање со научни истражувања и методологија на истражување на психолошките трауми и промените кои настануваат во мозокот како резултат на делувањето на психотерапијата, па со право КБТ психотерапиите, независно дали се од првиот, вториот или најсовремените од третиот бран на КБТ терапии, веќе се вбројуваат не само во психолошки, туку и во биолошки терапии. Наодите ќе бидат поткрепени со презентирани емпириски докази.

Исто така, работилницата има и апликативен дел и учесниците ќе имаат можност да се запознаат и со студија на случај и да проследат како изгледа третманот на клиент со постраумaтско стресно растројство со примена на Рационално-емотивна и когнитивно бихејвиорална терапија, како една од познатите когнитивно бихејвиорални психотерапии во светот.

Работилницата е поддржана од УГД научно истражувачкиот проект

***„Рационално-емотивна бихејвиорална терапија и природата и структурата на постраумaтското стресно растројство“,*** раководител: проф. д-р Ленче Милошева